ПУ-ПОД-ЛЕК-01

# Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на лекари и стоматолози

ВОВЕДНА ОДРЕДБА
Член 1

(1) За ова осигурување се користат и важечките Општи услови за осигурување на професионална одговорност (ОУ-ПОД-01), освен во делот кој е поинаку определен со овие услови.

ОСИГУРЕНА ОПАСНОСТ
Член 2

(1)Осигурувањето ги покрива оштетните побарувања на нарачателите на услуги (пациенти) поради штети, кои се последица на несовесно и нестручно вршење на регистрираната дејност на осигуреникот и за кое осигуреникот одговара врз законска основа и имаат за последица
1.повреда, болест или смрт на нарачателите на услуги (пациенти).

НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ
Член 3

(1)Осигурувањето, покрај неосигурените опасности одредени во Општите услови за осигурување на професионална одговорност, не ја покрива одговорноста и за оштетни побарувања за:
1) трошоците за болничко сместување на пациентите;
2) штети што ќе ги предизвикаат радиоактивните суптанци употребени на лицата за време на лекарските испитувања или за самото лекување;
3) штети поради истрошеност, оштетеност или прекумерна употреба на апаратите и направите за лекување;
4) штети поради земање, чување, пренесување или пресадување на делови на телото освен при автотрансплатација;
5) штети при придобивање на крв и крвни деривати (плазма);
6) штети што се последица на лекарски компликации или на случајност;
7) штети како последица на погрешно поставена дијагноза;
8) штети како последица на лечење со погрешни лекови;
9) штети како последица на неспроведување и кршење на обврските за објаснување и појаснување.